| 23 Април, Светски ден на книгата и авторското право | да | 23/4/2022 | Нашето училиште, во организација на библиотекарот и Просветно Дело заедно со авторите за деца, кои пишуваат во детските училишни списанија, во самиот хол на училиштето го одбележаа овој ден со интерактивни и забавни содржини. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Прибирање податоци за бесплатни учебници | да | Од 01/04/2022 до 11/06/2022 | Се вршеше прибирање и средување на податоци за бесплатните учебници и се достави соодветен податок до Педагошката служба на Минстерството за образование на Р. Македонија, за бројката што ќе ни е потребна за наредната учебна 2019/2020 година. | |
| Собирање и делење на бесплатни учебници за наредната 2022/23година | да | Од 01.06.2022г. до 09.06.2022 г. | Во предвидениот рок беше извршена размена на учебниците по одделениа и паралелки. | |

Битола
8/06/2022

Библиотекар:
Петровски Живко

## Тим за училиште без насилство

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| Формирање ученички тим | Во текот на месец Октомври на заинтересираните ученици кои изразија желба да бидат дел од овој тим им ја презентиравме програмата за работа и разговаравме за активности кои можеме да ги реализираме со физичко присуство, а во време на пандемија. |
| Предавање на тема насилство | На учениците кои се дел од тимот Училиште без насилство им беше одржано предавање за информирање за насилството и облици во кое истото се сретнува. |
| Работилница за емоции кои ги предизвикува насилството кај жртвата | Учениците споделуваа искуства од секојдневието во кои биле дел или биле сведоци на некаков тип насилство. Тие ја изразија емоциите на жртвите преку плакати. |
| Активност за ширење на позитивни мисли | Учениците од тимот за „Училиште без насилство“ дискутираа и креираа позитивни мисли кои ќе поттикнат убави чувства кај секој и ненасилна и дружељубива атмосфера меѓу учениците. Тие мисли ги изработија во картички и ги поделија на учениците од одделенска настава. |
| Уредување на училишната веб страна www.nenasilnouciliste.weebly.com | Учениците своите идеи/ предлози за надополнување на училишната веб страна ги споделуваат со наставничката, преработуваат и ги поставуваат на училишната веб страна. |

Одговорни наставници:
Андриана Димитров
Никола Крстевски
Лилјана С. Алабаковска

## Тим за професионално насочување на учениците

| Цели од годишната програма на тимот 2021/2022(Планирано) | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| 1. Евалуација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2020/21 година | да | Септември 2021 г. | Во месец септември 2021 г. се изврши евалуација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2020/21година.Целта на оваа активност беше усогласување на Планот во сообразност со актуелните релевантни услови од опкружувањето. | Активностите не се реализирани, заради спроведување на здравствените протоколите за одржување на настава во тековната наставна година. |
| 2. Потпишување на договори за заедничка соработка со фирми и организации од локалната средина | да | Октомври 2021 г. | Ученици од нашето училиште заедно со своите ментори неколку години station наназад земаат учество на конкурсите што ги организира Фондот за иновации и технолошки развој , каде нивните предлог проекти се прифатени и им се одобрени материјални средства за реализација на истите.<br>Се со цел тие проекти успешно да се завршат и реализираат нашето училиште потпиша договори за заедничка соработка со ФОД –Новаци. | |
| 3. Изработка на протокол од страна на професионалецот | да | Ноември 2021г. | Работната организација ФОД-Новаци изработи протокол за соработка со нашето училиште. Имено, протоколот за соработка беше малку променет во согласност со спроведување на | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | здравствените протоколи во наставната година. | |
| 4. Интервју со професионалец | да | Декември 2021 г. | Во согласност со спроведување на здравствените протоколи во тековната наставната година, беше реализирана повеќекратна посета на професионалец- машински инженер од ФОД-Новаци , во рамките на процесот на изработка на гореспоменатите проекти. | |
| 5. Реализирање на работилници од страна на членовите на Тимот на тема поврзана со кариерниот развој на учениците | да | Март 2022 г. | Во месец декември се реализираа дел од планираните работилници на тема. Наставничката Соња Кузманова во соработка со наставничката Евдокија Галовска одржаа работилница на тема „Професија -Физиотерапевт„ со учениците од 9-1 . На работилницата преку платформата MTeams активно учествување и родител на еден од учениците од истата паралелка по професија- физиотерапевт. | |
| 6.Организирање на Отворени денови- посета на ученици и наставен кадар во средните училишта во општината | да | Мај 2022 г | На ден 31.05.2022г. Учениците од 9 одд. имаа можност преку MTeams платформата да се запознаат со условите за работа , можностите и перспективите на сите средни училиштета во нашата општина . | |

Координатор на Тимот:
Соња Кузманова

## Тим за пофалување и наградување

**ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ:** Даниела Петковска **(координатор),** Снежана Захариева**,** Сања Кузмановска, Предраг Созовски

Програмата која се подготвува пред почетокот на учебната година во целост е реализирана. Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во учебната 2021/2022година

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ И ОПИС | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Изработка на план за активности за 2021/2022 година | Прецизирање на сите активности за работа на тимот за пофалување и наградување на учениците | Тим за пофалување и наградување на учениците<br>Директор | Август/Септември 2021 |
| Измени во членовите на Тимот за пофалување и наградување на учениците | Подобра и попродуктивна работа на Тимот за пофалување и наградување на учениците | Директор | Август/Септември 2021 |
| Разгледување на критериумите за пофалување и наградување на учениците и нивно дополнување | Дополнети критериуми<br>Размена на искуства<br>Примена на критериуммите | Тим за пофалување и наградување на учениците | Септември 2021 |
| Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот | Известување самоевалуација на крајот од првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата за работа | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците | Декември 2021 |
| Прибирање на предлози и разгледување на документација на ученици за пофалени и наградени ученици на крајот на учебната | Мотивирање на сите заинтересирани ученици<br>Примена на критериумите- Според член 75 од законот за основно образование оваа учебна година се | Тим за пофалување и наградување на учениците | Мај 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| година | реализира избор на првенец на генерација од IX одделение. Тимот за пофалување и наградување на учениците на состанокот кој се одржа на 28.4.2022година одлучи крајниот рок за поднесување на портфолија на ученици кои се пријавуваат да биди 1Јуни. До комисијата беа поднесени 8 портфолија кои беа разгледани и бодирани според критериумите на Тимот за пофалување и наградување. | | |
| Избор на првенец на генерација од IX одделение за учебната 2021/2022 година | Мотивирање на учениците<br>Примена на критериумите<br>Успешна реализација на изборот-<br>Откако беа разгледани сите поднесени портфолија на ученици тимот ги разгледа и според бодувањето ја донесе листа што е во прилог на извештајот | Директор и тим за пофалување и наградување на учениците | Јуни 2022 |
| Прогласување на Првенец на генерација од IX одделение за учебната 2021/2022 година | Мотивирање на учениците<br>Примена на критериумите | Директор и тим за пофалување и наградување на учениците | Јуни 2022 |
| Избор на ученици и доделување на признанија за постигнат успех и промоција на | Мотивирање на учениците<br>Примена на критериумите | Директор и тим за пофалување и наградување на учениците | Јуни 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| училиштето за учебната 2021/2022 година | | | |
| Изготвување на годишен извештај за работата на тимот | Известување самоевалуација на крајот од учебната година за реализираните активности предвидени во програмата за работа. Активностите се целосно реализирани. | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците | Јуни 2022 |
| Анализа на работата на тимот и реализација на програмата. | Тимот за пофалување и наградување имаше успешна соработка помеѓу членовите на тимот, активностите беа во целост реализирани. | Тим за пофалување и наградување на учениците | Јуни 2022 |
| Евалуација на програмата и предлог за изработка на нова програма за наредната учебна година | Самоевалуација на реализираните активности предвидени во програмата<br>Нови идеи | Тим за пофалување и наградување на учениците | Јуни 2022 |

На ден 6.6.2022година членовите на Тимот за пофалување и наградување ги рагледаа поднесените портфолија од учениците од деветто одделение за избор на Првенец на генерација.

Според член 75 од законот за основно образование учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања, основното училиште ги пофалува, односно наградува.

На крајот на деветто одделение училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација .

Според критериумите за пофалување и наградување и разгледаните портфолија првенец на генерација од деветто одделение е ученичката Искра Нечаковска од 9-3одделение. Во прилог е бодовната листа.

| 9 одделение: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Поени | |
| **1. Искра Нечаковска 9-3** | **337** | **Првенец на генерација** |
| 2. Ангел Андреевски 9-5 | 199 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |
| 3. Бојана Мајсторовска 9-3 | 151 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |
| 4. Лина Шеровска 9-3 | 131 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |
| 5. Душан Пројчевски 9-5 | 118 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |
| 6. Лука Велковски 9-5 | 83 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |
| 7. Јована Ѓоргиевска 9-5 | 35 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |
| 8. Ева Апостоловска 9-5 | 24 | Диплома за постигнати резултати во основното образование |

**Координатор на Тимот за пофалување и наградување на учениците: Даниела Петковска**

## Тим за оценување, следење и вреднување

| Цели од годишната програма на тимот 2020/2021<br><br>Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| 1. Ревидирање на Тимот за училишна политика на оценување и запознавање со активностите на членовите во тимот | да | Октомври 2021 г. | Распределба на активности за тековната 2021/22г | |
| 2. Идентификување на<br><br>целна група во училиштето и вклучување во советодавни(неформални) разговори по потреба | да | Ноември 2021 г. | Наставниците-ментори и наставниците од Тимот за следење и вреднување (кои имаат завршена обука од ПЕП проектот , односно компонентата “Унапредување на оценувањето“ и инплементацијата на истиот во училиштето) со совети, сугестии, пишани наставни планови и програми, како и наставни и работни листови кои имаат скала на оценување по Блумовата таксономија ги обучуваат | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наставниците-почетници. | |
| 3. План за тековни средби (еден ден во месец) на членовите од тимот со целната група | да | Во текот на целата учебна година | Соочени со пандемијата на Ковид-19 почна да се реализира „Учење од далечина„. Меѓусебната соработка, размена на знаења, сугестии и поддршка на наставниците-почетници стана секојдневие..<br><br>Корисните совети и сугестии наставниците си ги разменуваа меѓу себе или преку електронска врска. Се надеваме дека сите наставници на кои им била потребна помош за компонентата оценување, добиле соодветна и професионална насока. Надградбата на наставниците продолжува со почитување и заемна соработка во сите насоки од образовниот процес. | |

Координатор на Тимот:
Соња Кузманова

## *Тим за проверката на електронските дневници*

Одговорни наставници кои вршеа внатрешна контрола на внесени податоци на електронскиот дневник за 2021/2022 год. Прегледувачи се:
Ана Спирова Кочанковски **– I одд.**
Пандора Алексова Запаренко **- II одд.**
Билјана Јованоска **– III одд.**
Елица Митревска **- IV одд.**
Лилјана Алабаковска **– V одд.**
Анета Горгиева-Наумовски **– VI одд.**
Дарко Аврамоски **- VII одд.**
Предраг Созвски **– VIII одд.**
Љупка Петковска **– IX одд.**
а контролор е **Костевска Славица.**

Јас како контролор истакнувам дека: сите наставници кои вршеа проверки во електронскиот дневник, совесно, точно и навремено си ги извршуваа своите обврски, и ги донесоја следните заклучоци. Наставниците се трудеа навреме да ги внесат податоците во едневникот.

Се изработуваше извештај за секоја седмица од септември до јуни. Извештаите беа за внесувањето на податоците во едневникот за тековната седмица.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОВЕРКАТА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ДНЕВНИЦИ**
**на ООУ „Св. Климент Охридски“ - Битола за 2021/2022год.**

| РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ | Годишен извештај од 01.09. 2021 год. до 09. јуни 2022год. | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на I одд. за 2021/2022 год. | Во текот на учебната година 2021/2022 год.наставниците од прво одделение редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник Сите часови се заведени . Описно се оценети учениците. | *Прегледувач:* Ана Спирова Кочанковски *Контролор:* Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на II одд. за 2021/2022 год. | Во текот на учебната година 2021/2022 год.наставниците од второ одделение редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник Сите часови се заведени . Описно се оценети учениците. | *Прегледувач:* Пандора Алексова Запаренко Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на III одд. за 2021/2022 год. | Според согледувањата на тековните прегледи и извештаи, паралелките од трето одделение, редовно го пополнуваат Е-Дневникот. Сите часови се заведени. | *Прегледувач:* Билјана Јованоска Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на IV одд. за 2021/2022 год. | Во текот на учебната година 2021/2022 год.наставниците од четврто одделение редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник Сите часови се заведени . Описно се оценети учениците. | *Прегледувач:* Елица Митревска Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на V одд. за 2021/2022 год. | Во текот на учебната година 2021/2022 год.наставниците од петто одделение редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник. Сите часови се заведени. | *Прегледувач:* Лилјана Алабаковска Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VI-то одд. за 2021/2022 год. | Од извршениот преглед. во електронските дневници во одделенскиот совет на VI-то се констатираше дека редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации. | *Прегледувач:* Анета Горгиева-Наумовски Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VII одд. за 2021/2022 год. | Од извршениот преглед. во електронските дневници во одделенскиот совет на VII-то се констатираше дека редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации.. | *Прегледувач:* Дарко Аврамоски Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VIII одд. за 2021/2022 год. | Од извршениот преглед. во електронските дневници во одделенскиот совет на VIII -мо се констатираше дека во текот на учебната година , генералниот заклучок е дека наставниците кои предаваат во осмо одделение совесно, редовно и во согласносот со законските нормативи ги реализираа своите обврски. | *Прегледувач:* Предраг Созвски Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |
| Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на IX одд. за 2021/2022 год. | Од извршениот преглед. во електронските дневници во одделенскиот совет на IX -то се констатираше дека редовно и навремено ги запишуваа часовите во електронскиот дневник. | *Прегледувач:* Љупка Петковска Контролор: Славица Костевска | Од 01 септември 2021 до 09 јуни 2022 год. |

Водењето на електронската евиденција во едневникот е на завидно ниво за сите совети. Наставниците редовно си ги заведуваа часовите и другите информации.Податоците кои се проверувани се однесуваат на запишани часови, дежурни ученици, заведени оценки, поведение кај учениците. Другите податоци потребно е сами одделенските наставници да си ги проверат. Сите наставници да си ги проверат своите податоци во едневникот и пропустите да се надополнат.

**За подетален извештај за едневникот за сите паралелки е упатен кај службата.**

**Контролор: Славица Костеска**

## Тим на ученичката заедница

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1.Формирање на ученички тим<br>2.Разгледување на програмата за работа<br>3.Приредба за прием на првачињата | - успешна работа на детскиот парламент<br>- Да се одбележи свечено почетокот на учебната година | Наставник престставник на училишната заедница<br>Ученици претставници на училишна заедница<br>Наставници од сегашно прво одд. | Септември |
| 1. Избор на претставници на ученички парламент<br><br>2. Избор на претставници за детски правобранител | - успешно функционирање и застапување на правата на децата пред соодветните органи во образовниот процес | Наставник престставник на училишната заедница<br>Педагог<br>Психолог<br>Директор<br>Членови на училишната заедница | Септември |
| 1.Учество на конференција организирана од Народен правобранител | Да бидат слушнати разлислувањата на децата на следните теми:<br>Влијанието на пандемијата од Ковид-19 врз менталното здравје на децата;<br>- Проблеми и предизвици со кои се соочуваат во образовниот процес;<br>- Прифаќање и почитување на различностите;<br>- Учеството на децата во донесување на одлуки кои нив ги засегаат;<br>- Почитување на правата на детето. | Претставници на Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост кај Народниот правобранител<br>Претставици на деца правобранители од различни училишта | Ноември |
| Разгледување на успехот на учениците по I тримесечје | Анализирање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат учениците во училиштето | Наставник престставник на училишната заедница<br>Ученици претставници на училишна заедница | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовки за реализација на програмата за прослава на Патрониот празник<br><br>Акција за подарување | - вклучување на детскиот парламент во прослава на Патрониот празник<br>- поттикнување на хуманата страна на учениците во училиштетот | Наставник престставник на училишната заедница<br>Ученици претставници на училишна заедница | Декември |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од I полугодие | -Анализирање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат учениците во училиштето<br>-Преземање активности за подобрување на успехот | -наставник<br>- ученички тим | Јануари |
| Одбележување на Св.Валентин | Поттикнување на учениците за користење<br>на убави пораки во меѓусебната комуникација | -Ученици,<br>одговорни наставници | Февруари |
| 1. Активности по повод 21-ви Март (Денот на екологијата)<br>2. Организирање на ликовно-литературен конкурс | -вклучување на учениците еко- акција за чистење на училишниот двор „Генералка викенд" во организација на Општина Битола и ЈП Комуналец Битола | - наставник<br>- ученици од VI-IX одд.- членови на детскиот парламент | Март |
| 1.Активности околу организирање на полуматурска забава | -вклучување на учениците во организирање на полуматурска забава<br>-договор за избор на фото студио за фотографирање и изработка на алманах<br>-договор за избор на ресторан за прослава на полуматурска забава | - наставник<br>- ученички тим | Мај |

Изработил: Андриана Димитров

## Детска организација

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| *Свечен прием на учениците од прво одделение со пригодна програма | Формирање на паралелките и запознавње со одделенските раководители на првоодделенците | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола | 01.09.2021 |
| *Прием на првачињата во детската организација на Македонија со свечена заклетва.<br>*Посета на јавна установа – Зоолошка градина - Битола | По повод Детската недела да им се посвети посебно внимание на децата во Р.Македонија со цел да се види што е сторено и што треба да се превземе за подобрување на грижата и заштитата на децата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.С.Македонија | 08.10.2021.<br>Посета во ЗОО не се реализира, а причина е пандемијата со ковид 19 |
| *Хуманитарна акција со купување поштенска маркица од 5 денари, детска недела | | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.С.Македониј | Немаше пратка од Сојузот за грижа и воспитување на децата во Македонија |
| * Творечка акција.<br>1. Слободна тема.<br>2. Недовршен расказ на теми: екологијата и сообраќајот. | Поетски конкурс за деца – Пролет на сребрените соништа | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.С.Македониј | Март 2022<br>Учениците не зедоа учество |
| * Фестивал на детското поетско творештво на Македонија „Детски лирски треперења“ | Учениците зедоа учество и наградена беше Изабела Митревска VIII одд. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.С.Македониј | Април 2022 |

Координатор на Детската организација : Одд.Наставник Билјана Јованоска

## Антикорупциска едукација на учениците

Билјана Цветковска- граѓанско образование - координатор
Пеце Трифуновски- етика
Соња Бандевска- вештини на живеење

| **Цели од годишната програма** | **Реализирано** | **Опис на активностите** |
|---|---|---|
| Изготвување на програма за антикорупциска едукација во прилог на годишната програма | ДА | Програма за антикорупциска едукација на учениците |
| Работилница 1. Причини и последици од корупцијата | да | Запознавање на учениците со причините за корупција и кои се последиците - ученици од осмо и деветто одделение |
| Работилница 2.Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | да | Учениците се запознаа што е корупција и антикорупција |
| Работилница 3.Активна борба против корупцијата | да | Учениците се запознаа со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата |

## Тим за комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### *Тим за уредување на веб страната*

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Изработка на програма на тимот** | Наставници на тимот | Август 2021 | Адаптирање и усогласување на програмата на тимот со протребите на училиштето | / |
| **2. Избор на тим - од ученици кои ќе учествуваат во уредувањето на веб страната** | Наставници на тимот | Септември 2021 | Вклучување на ученици од 8 одделение во уредувањето на веб страната, првично во средување на материјали кои ќе бидат поставени на страната | / |
| **3. Обука на тимот од ученици** | Наставници на тимот и ученици | Подготвување на учениците за пополнување на веб страната | Октомври 2021 | / |
| **4. Прибирање, уредување и поставување на нови содржини на веб страната** | Наставници на тимот | Тековно | Збогатување на веб страната со нови содржини со цел промоција на училиштето | / |
| **5. Изработка на полугодишен извештај** | Наставници на тимот | Јануари 2022 | Анализа на работата на тимот за прво полугодие | / |
| **6. Прибирање, уредување и поставување на нови содржини на веб страната** | Наставници на тимот | Тековно | Збогатување на веб страната со нови содржини со цел промоција на училиштето | |
| **7. Изработка на годишен извештај** | Наставници на тимот | Јуни 2022 | Анализа на работата на тимот за 2021-22 година | |

## *Тим за претприемништво*

**ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ:** Даниела Петковска **- координатор,** Гордана Анастасова- **директор,** Александар Јаневски, Марија Крстевска, Билјана Печипајковска, Виолета Стевановска, Дарко Аврамоски, Љубица Мушуланова Ристевска (родител)

Програмата која се подготвува пред почетокот на учебната година, во текот на учебната година е делумно реализирана поради почитвање на мерките за заштита од Ковид 19 вирусот.Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во учебната 2021/2022година:

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ И ОПИС | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Изработка на план за активности за 2021/2022 година** | Да се прецизираат сите активности за работа на тимот за претприемништво<br>Квалитетна и применлива програма | Тим за претприемништво<br><br>Директор | Август/Септември 2021<br>реализирано |
| **Организација на претприемачки панаѓур** | Да се истакнат сите идеи на учениците и да се поттикне претприемачкото размислување кај нив | Тим за претприемништво<br>Директор<br>Ученици од Iдо IX одделение | Активноста не е реализирана поради почитување на мерките за заштита од Ковид 19 вирусот. |
| **Посета на обуки и работилници за претприемништво** | Да се стекнат искуства и знаења од областа на претприемништвото | Институции и граѓански организации кои се организатори на обуки и работилници | Септември2021/ јуни 2022 |
| **Анализа на работата на тимот и реализација на програмата** | Успешна соработка помеѓу членовите на тимот<br>Реализирана програма | Тим за претприемништво | Септември2021/ јуни 2022 |
| **Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот** | Известување самоевалуација на крајот од првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата за работа | Координатор на тимот за претприемништво | Јануари 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Посета на обуки и работилници за претприемништво** | Стекнување искуства и знаења од обласа на претприемништвото | Институции и граѓански организации кои се организатори на обуки и работилници | Септември2021/ јуни 2022 |
| **Настан - Јас имам талент** | Да се истакнат идеите и талентите на учениците | Тим за претприемништво<br>Директор<br>Наставници<br>Ученици од I до IX одделение | Настанот не е реализиран поради почитување на мерките за заштита од Ковид 19 вирусот. |
| **Изготвување на годишен извештај за работата на тимот** | Известување самоевалуација на крајот од годината за реализираните активности предвидени во програмата за работа | Тим за претприемништво | Септември2021/ Мај 2022 |
| **Евалуација на програмата и предлог за изработка на нова програма за наредната учебна година** | Самоевалуација на реализираните активности предвидени во програмата<br>Нови идеи-<br>Во учебната 2021/2022година во Тимот за претприемништво имаше успешна соработка помеѓу членовите на тимот, активностите беа делумно реализирани, а причина за не реализираните активности е поради почитување на мерките за заштита од Ковид 19 вирусот. | Тим за претприемништво<br>Директор | Мај 2022 |

**Координатор на Тимот за претприемништво**
**Даниела Петковска**

## *Здравствени организации*

| Активност | Цели | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Осигурување на учениците од несреќен случај, поврада или исплата на лекарски тошоци | Октомври, 2021 | Осигурителна компанија – Винер |
| Преземање на мерки и едукација за намалување на фактори на ризик од заразни болести и болести на завист: СИДА, Грип, HPV... | • ги знае законските норми кои го регулираат пушењето, пиењето алкохол<br>и употребата на дрогите во земјата и во светот,<br>• знае кои супстанции се психотропни,<br>• ги знае последиците од консумирање дроги и други психотропни<br>супстанции по себе и по другите.<br>• ја знае разликата меѓу ХИВ И СИДА,<br>• знае како се шири ХИВ и како се заболува од СИДА,<br>• знае со кои средства и постапки може да се превенира ширењето ХИВ и<br>СИДА. | Ноември: Месец на борба против зависностите<br><br>1 декември: Светски ден борба против ХИВ-СИДА | Сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес, стручни лица, претставници од Центар за јавно здравје |
| Забен систематски преглед за учениците од 4 и 6 одделение | Грижа за здравјето на учениците | Октомври, 2021 | Здравствен дом |
| Вакцинација на учениците од 2 одделение | Грижа за здравјето на учениците | Октомври, 2021 | Здравствен дом |
| Систематски преглед и вакцинација, ученици од 9 одделение | Грижа за здравјето на учениците | Мај, 2022 | Здравствен дом |

Изработил:

Снежана Захариева

### Тим за прослави и приредби

| Цели од годишната програма на тимот 2021/2022 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| Приредба по повод - Прием на првачињата во Детската организација | НЕРЕАЛИЗИРАНО | | Настанот не беше реализиран поради вонредната состојба на Корона вирус.Првачињата беа примени и прозивани во училишниот двор според претходно утврден протокол од страна на училиштето. | / |
| Приредби по повод Денот на училиштето | РЕАЛИЗИРАНО | 07.12.2021 година | По повод Денот на училиштето, во оваа учебна година успешно се реализираа следниве активности: беше распишан литературно-ликовен конкурс на тема „Учителот“ и на манифестација во холот на училиштето беа доделени награди за најдобрите ученици. Хорот и оркестарот со својот настап учествуваа во манифестацијата, а во исто време на ниво на стручни активи беа реализирани низа активности од страна на учениците под менторство на своите наставници | / |
| Претприемнички | | | Настанот не беше | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| настан – Новогодишен базар | НЕРЕАЛИЗИРАНО | | реализиран поради вонредната состојба на Корона вирус. | |
| Маскенбал по повод 1Април, Денот на шегата | НЕРЕАЛИЗИРАНО | | Настанот не беше реализиран поради вонредната состојба на Корона вирус. | |
| Претприемнички настан: *Избираме најдобри во глума, танцување, смеа, забава, пантомима, битбокс, пеење, претприемништво* | НЕРЕАЛИЗИРАНО | | Настанот не беше реализиран поради вонредната состојба на Корона вирус. | |
| Приредба по повод 24Мај, Денот на словенските просветители | РЕАЛИЗИРАНО | 25.05.2022 година | Одржан е музички концерт од страна на оркестарот и хорот на училиштето. Настанот е реализиран во офицерски дом | |

Претседател на тимот за прослави и приредби
**Марија Крстевска**
**(Александар Јаневски)**

## Тим за соработка со локалната заедница

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.**Инклузивен парк | Подобрени услови во училиштето . | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,родители | 25.06.2021 |
| 2. Во дворот на ОУ “Св. Климент Охридски“ во Битола, едукативно игралиште – учиме низ игра | . Подобрени услови во училиштето . | Наставници, ученици | 26.06.2021 |
| **3.** Уште еден проект - "РЕДОВНО НА ЧАСОВИ: Акција за вклучување на Ромите во основното образование„. Активностие се финансирани од Европската Унија и во износ од 2500 евра ќе се опреми училница во прво одделение и катче за читање. | Подобрени услови во училиштето, | Проектот го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија, во партнерство со Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор. | 01.07 2021 |
| 4. Финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти со средства од буџетот на МОН | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,директор | 22.07 2021 |
| 5. Реновирање на училиштето | Подобрени услови во училиштето . | Директор,хаусмајстори | 25.07 2021 |
| 6. Erazmus проект<br>Партнерски состанок - Земун | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, директор,наставници. | 3.08 2021 |
| 7 Пристигнати наследните средства за опремување на кабинетите. Благодарност за финансиската поддршка на Општина Битола и градоначалникот Наташа Петровска | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, директори,наставници, ученици | 20.08 2021 |
| 8. Во соработка со Тера телевизира беше презентиран дочекот на првачињата во нашето училиште. | Подобрени услови во училиштето,стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со Општина, установи и претпријатија директор,наставници, ученици, родители | 1.09 2021 |
| **9.** ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола – Волонтерско признание за организатор на волонтерска работа | Подобрени услови во училиштето,стекн | Соработка локале совет за волонтерство на Општина-Битола,директор,наставници, | 05.09. 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за 2020 година<br>Секој септември во ова училиште тимот којшто работи на волонтерските активности прави програма за работа и се обновува тимот на волонтери од страна на учениците со кои потоа заедно се донесува програмата.<br>На почетокот на учебната година беше спроведена акцијата „Да си подадеме рака“ за собирање и распределба на зачувани училишни униформи, училиштен прибор (тетратки, моливи, боички, училишни ранчиња и слично) за помош во материјална подготовка на учениците од претходно подготвениот список на деца од социјално ранливите категории за престојната учебна година. Дел од материјалите остануваат за потребите преку целата учебна година и се доделуваат каде има потреба. Учениците волонтери ги извшуваат сите фази од акцијата: агитација, собирање, комплетирање и доделување на материјалите.<br>Друга голема акција што ја спроведе ова училиште е „Новогодишно пакетче за секое дете“, собирна акција на новогодишни пакетчиња и подготовка на пригодна новогодишна приредба при доделувањето на децата од ранливите категории и децата со посебни потреби, со што тимот постигнува да и тие деца се чувствуваат среќни и исполнети.<br>Во учебната 2020/2021 година, за учениците од прво до трето одделение коишто беа со физичко присуство им доделија училишен прибор (на оние што ќе се согледа дека тоа им е потребно), а за поголемите се спроведе акцијата „Да бидеме хумани и да им помогнеме на оние што не можат да следат настава од далечина“ со тоа што на наставнички совет беше започната иницијативата наставниците да | ување на нови знаења кај учениците | ученици | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| донираат половни паметни телефони или други уреди кои би биле донирани на ученици што истите не ги поседуваат.<br>Ова се само дел од волонтерските акции на училиштето. | | | |
| **10.** Ваучери за бесплатно едногодишно членство во нашата библиотека беа поделени и во ООУ„ Св. Климент Охридски“-Битола на 131 прваче. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола , директор,наставници, ученици | 06.09 2021 |
| **11.** Во рамките на настанот „Цртаме за мир", денес во Магазата, нашите ученички од 7 и 8 одделение под менторство на наставничката Маја Милевска Кулевска учествуваа на ликовна работилница за одбележување на Меѓународниот ден на мирот | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со установи , директор,наставници,ученици, родители | 18.09 2021 |
| **12.** Мотивирани ученици, наставници, родители и огромен број на реализирани активности во рамки на Европска недела на мобилност од 16-22ри Септември. Огромна благодарност до училиштата и наставниците, кои ни ги испратија фотографии:ООУ„Лирија“-ТетовоОсновно училиште со ресурсен центар „Маца Овчарова“-Велес,ООУ„Ристо Шуклев“-Негорци, Гевгелија,ООУ„Св.Климент Охридски“-Битола,ООУ„Св.Климент Охридски“-ОхридСледуваат објави на уште неколку албуми кои ќе ги вклучуваат и останатите основни училишта кои ни ги испратија нивните реализирани активности во рамки на Европска недела на мобилност.ВЕЛО УЧИЛИШТА | Подобрени услови во училиштето,стекнување на нови знаења кај учениците. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,директор,професори | 28.09 2021 |
| **13.** Учениците од V-4одд. и нивната наставничка Весна Аврамовска Димитровска, беа творци на стихови и учесници на настанот кој беше организиран од страна на Американското Катче, Француската Алијанса и Здружението „Пелагонија“од Битола, на тема: „Слушнете ја мојата поезија“. Песните беа изложени и изведени во | Развивање на свеста кај учениците. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, директор,наставници | 08.10 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Центарот за култура,мала сала. Честитки до сите учесници! | | | |
| **14.** Одбележување на Детската недела со свечен прием на првачињата во Детската организација со кажување на песната „Ветување“.Прием на првачињата во Детската организација традиционално се случува во текот на Детската недела која се одбележува секоја година во октомври. Пристапувањето во организацијата е чин достоен за почит, затоа што станува збор за организација која ги насочува децата кон почитување и помагање на другарчињата. Искрените пораки испратени од детските срца повикуваат на другарување, почитување, разбирање и љубов. | Развивање на свеста кај учениците. | Директор,наставници (совет на прво одделение), ученици, | 10.10 2021 |
| **15** Одбележување на Еразмус денови 14, 15 и 16 октомври. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, | 15.10 2021 |
| **16.** Последен партнерски состанокRomABC goes Western Balkan | Развивање на свеста и мотивацијата кај учениците и подигање на културно-образовното ниво | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, | 20.10 2021 |
| 17. РомАБЦ“ за западен Балкан, последен партнерски состанок Проектот „РомАБЦ за Западен Балкан“ полека доаѓа до својот крај, а од 15 до 18 октомври 2021 година во Битола, партнерите се сретнаа за последниот партнерски состанок, а за време на овој состанок се дискутираше финалната верзија на наставната програма и прирачникот како интелектуални резултати, нивното печатење и добивање на ISBN број, преглед на иновацијата – ново напишаните вежби кои ќе бидат додадени како анекс на прирачникот и за сертификатот којшто ќе им биде даден на возрасните ученици кои ќе го посетат курсот. Исто така беа | Подобрени услови во училиштето,развивање на свеста кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, психолог. | 20.10 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| разгледани резултатите и извештајот од имплементирањето на тест фазата, резултатите од ФЕР мрежата во Србија и Мрежата за основно образование во Северна Македонија, верификацијата на курсот, како и за подготовката на крајниот извештај и преглед на потребните документи вклучувајќи ги и крајните финансиски процедури. Мониторинг, евалуација на состанокот и крајна евалуација на проектот исто така беа направени. Проектот е финансиран од Европската комисија преку програмата Еразмус +. Проектот започна во септември 2019 година и ќе трае до крајот на 2021 година. Партнери на проектот се организации и училишта од Србија, Северна Македонија, Унгарија и Германија. Координатор на проектот е училиште за основно образование и образование на возрасни “Бранко Пешиќ“ од Србија.Состанокот исто така беше регистриран како дел од “ЕразмусДенови“ кои се одржаа од 14 – 16 октомври 2021 година. | | | |
| **18**" Сумнал“, ООУ “Св. Климент Охридски“ и ОУ “Бранко Пешиќ“ од Белград потпишаа меморандум **за соработка**Во Битола деновиве, како дел од проектот „РомАБЦ за Западен Балкан“, кој е ко-финансиран од Европската унија преку Еразмус + програмата, на 17.10.2021 година се потпиша договор за соработка помеѓу Здружението за развој на ромската заедница „Сумнал“ од Битола, ООУ „Климент Охридски“ – Битола и основното училиште „Бранко Пешиќ“ од Белград, Република Србија.Соработката според овој Договор ги опфаќа следниве области: размена на добри практики, размена на искуства при работа со ранливи групи деца, помош при работа со возрасни ученици и понатамошна соработка и | Развивање на свеста кај учениците и стекнување на нови знаења. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици. | 03.12 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одржливост на проектот | | | |
| **19.** По повод празникот "4ти Ноември" ,денес се одржа општински турнир во стрелаштво.Машката екипа на нашето училиште го освои второто екипно место во нашата општина.Ученикот Вања Арсиќ освои индивидуално второ место,додека ученичката Лела Стојановска освои индивидуално трето место во општина Битола.Им честитаме на учениците,нивните наставници и нивните тренери | Подигнато културно - образовното ниво кај учениците, вработените и локалното население | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици | 21.10 2021 |
| **20.** Во рамките на Светската недела на италијански јазик, по повод 700 години од смртта на Данте Алигиери, на денешниот онлајн натпревар по италијански јазик, нашите ученици од VIII одделение Илијана Најдовска и Матеј Ѓуровски освоија прва награда, под менторство на наставничката Маја Милевска Кулевска. ! | Развивање на свеста кај учениците и стекнување на нови знаења. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици. | 02.11 2021 |
| **21.** Во рамките на проектните активности од Еразмус+ проектот РомАБЦ за Западен Балкан, се одржа предавање за студентите од Педагошкиот факултет во Битола. Предавањето се реализира од страна на Директорот Гордана Анастасова и координаторот на проектот Виолета Стевановска. На предавањето на студентите им беа претставени проектните цели, истражувањето, практикумот со сценарија како и моменталната ситуација во нашиот град во делот на образованието на возрасни.Од целото предавање преку дискусија се заклучи дека е потребна поголема актуелизација на оваа проблематика и институционализација на Законот за образованието на возрасни.Голема благодарност до деканот на Педагошки факултет проф д-р Добри Петровски и проф д-р Данче Сивакова за поддршката и соработката. | Стекнување на нови знаења кај учениците. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директор, ученици, доктор,стручни соработници. | **09.11 2021** |
| **22.** Во рамките на проектот | Подобрени услови | Соработка со другите основни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Проектот РЕДОВНО НА ЧАСОВИ: Акција за вклучување на Ромите во основното образование е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија во партнерство со Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор“ во ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола опремена е просторија во вид на читачко катче за учениците од одделенска настава. Во истото веќе се реализираат најразлични работилници според запазени протоколи и мерки за безбедност за учениците. Ова катче е уште еден доказ за нашата посветеност и креативност која ја преточуваме во образовниот процес и го правиме училиштето привлечно за сите | во училиштето | училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 11.11 2021 |
| **23.**Online обука во склоп на проектот РомАБЦ за Западен Балкан. На обуката беа претставени методите и начините за тест фазата за едукација на возрасни Роми кои се функционално неписмени. Овој проект е финансиран од Еразмус+ | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 11.11 2021 |
| 24.Порано со салотејп им го лепеле моливот на раката, а денес училиштето “Климент Охридски” има најсовремена опрема за деца со атипичен развој | Подобрени услови во училиштето.<br><br>Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 13.11 2021 |
| 25.Активности поврзани со Едуино проект | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 24,25,26,30.1 1 2021<br>01.12 2021 |
| 26. 3ти декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост беше одбележан во соработка со Лајонс Клуб Кабадаја преку работилница со учениците од петто одделение под раководство на специјалниот едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска и наставничката | Развивање на свеста и мотивацијата кај учениците и подигање на културно-образовното ниво | Соработка со Лајонс клубот ,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 03.12 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Виолета Стевановска, под мотото "Обои ме во пријател" | | | |
| 27.По повод Европската недела на мобилност, учениците од V-1 од ООУ “Сб. Климент Охридски “ од Битола, ја одбележаа оваа недела со различни активности, и секако со помош на нивната наставничка Виолета Стеваноска.Тие се изразуваа креативно со нивните ликовни творби на тема велосипедизам и животна средина ,пропратно со литературни творби до нивните креативни мисли. | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 06.12 2021 |
| 28. На ден 02.12.2021 по повод, 03.12.2021 МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛУЃЕТО СО ПОПРЕЧЕНОСТ, Хуманитарната Фондација "Проф. д-р. Љупчо Ајдински" додели награда и сертификат на ученичката Барбара Василевска VI-5, дете со пречки во видот, за континуиран одличен успех (5.00) и примерно поведение | Подобрени услови во училиштето. | Хуманитарната Фондација "Проф. д-р. Љупчо Ајдински", наставници, директори, ученици, стручни соработници | 06.12 2021 |
| 29. Опремен кабинетот по хемија со мебел кој е доставен од МОН | Подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 10.12  2021 |
| 30. Во Охрид се одржа државно училишно првенство во Стрелаштво. Општина Битола беше претставена со 10 ученици,6 од Основните и 4 од Средните училишта.Нашите ученици ги освоија следните државни награди:2.место Вања Арсиќ и 3.место Лела Стојановска.Честитки на сите учесници,нивните тренери и нивните ментори | Стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници | 10.12.2021 |
| 31. Нашето катче за читање „Било која книга што му дава на детето можност да чита, да го направи читањето една од неговите потреби, е добра за него“ - Маја Ангелу (Знам зошто пее кафезната птица) | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, директори, ученици, стручни соработници. | 14.12 2021 |
| **32.** Марија Филиповска психолог во СОЗУ „Кузман Шапкарев“ и Претседавач со Општински совет за превенција на детско престапништво | Подобрени услови во училиштето. Стекнување на нови знаења кај | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,наставници, | **17.12 2021** |

| | | | |
|---|---|---|---|
